nextsense WebBuilder
Почни со „Утрински"
XML
sitemeter

Култура

SHARE

# Манипулација и со европските катедрали



Од објавените фотографии, најголема манипулација и лага е фотографијата на градскиот плоштад во Брисел, Гранд плас

Разгледницата како аргумент за оправданоста за изградба на контроверзниот храм на скопскиот плоштад

**Климе Поповски**

Контроверзниот проект за изградба на црквата на Градскиот плоштад во Скопје се' повеќе ја поделува нашата јавност на христијани и нехристијани, верници и атеисти, на православни и муслимани, беспримерно се фрлаат анатеми, а со мартовските настани се покажа дека тие што мислат поинаку (овој пат аргументирано) со платеници се замолчуваат насилно.

Сакам да предупредам на еден друг аспект што се наметнува со агресивната пропаганда и со кој се манипулира со јавноста. Деновиве, во сите печатени медиуми, на две скапо платени страници од весниците, покрај текстуалното толкување на владејачката партија за „оправданоста од градењето на црквата", на цела страница беа репродуцирани разгледници од неколку европски градови, како што се вели метрополи, каде што постојат катедрали на централните градски плоштади. Со тоа се сака да се потврди идејата за неопходноста од постоењето храм и на плоштадот на нашата „метропола". Во владејачката партија сигурно има јаки интелектуалци и едуцирани архитекти, не како оној кич-архитект од Мајка Тереза, кои треба да ги објаснат околностите и периодите кога настанале овие бисери на архитектурата и храмови на духовната култура на овие народи. Заради правилно информирање на јавноста, ќе си земам слобода накратко да се осврнам на секој од овие презентирани плоштади. Прво и основно е дека сите овие презентирани плоштади, т.е. градски центри, урбанистички и градителски се оформени со столетија наназад и останале негибнати од многу „преродбеници" и апсолутисти од денешен ден.

Од објавените фотографии најголема манипулација и лага е објавената фотографија на центарот на европската престолнина Брисел. Центарот на стариот дел на градот е градскиот плоштад, Гранд плас, со готска Градска куќа (Хотел де Вил) на кој најстариот источен дел е започнат во 1402 година. Плоштадот делумно го затвора низа барокни



Прашај го „Утрински"
Одговара: уредничката на Хроника
Даниела Трпчевска
Најчитани 10 во 10 дена
ГЛОБУС ON-LINE

цеховски домови од раскошно декорирани фасади. Значи, на овој плоштад не станува збор за никаква катедрала, а нашите министри, посебно оние за евроинтеграции кои голем дел од работните денови ги поминуваат во Брисел, треба да го знаат тоа. Во нашава фатаморгана некому кулите на Градската куќа му се гледаат како камбанарија, а некому може да му се причинат и минариња.

Стариот градски центар на Хелсинки класицистички е конципиран од архитектот Ј.Ц.Л. Енгл, кој ја изработил првата урбанистичка основа и го испланирал Сенатскиот плоштад. На тој плоштад во периодот од 1830 до 1852 година ја изградил црквата „Св. Никола“ во класицистички стил, со доминантна купола. Значи, црквата која доминира на панорамата на Хелсинки е резултат на обмислено и консеквентно решение на просторот кој останал негибнат до денешен ден.

Централниот градски плоштад на Краков, кој се наоѓа под ѕидиштата на кралскиот дворец Вавел, оформен е уште во 14 век, а во него успешно е вклопена и Мариината црква (1384) со средновековни витражи и дрвен трокрилен готски олтар од 15 век. Повеќе векови од нејзината камбанарија еден трубач секојдневно го објавува пладнето.

Центар на старата Москва бил Кремљ, околу чии ѕидови се развивал градот. Трговскиот дел на градот, Китај город, настанал под северозападните ѕидови на Кремљ, со големиот Црвен плоштад, кој така се нарекува од 17 век. Во средината на 16 век на периферијата на плоштадот била подигната црквата „Василие Блажени“, во чест на победата над Казанскиот хан. Денес храмот е туристичка атракција и архитектонски бисер. Дури ни болшевиците не успеале да го унакажат овој величествен простор-плоштад, кој е еден од симболите на Москва.

Доминантна градба во центарот на Келн е катедралата „Св. Петар“. Најстарата бискупска црква е градена од 800-тите години до средината на 13 век, а комплетно е завршена дури во 1880 година. Основата на каструмот-оградено место, е скоро квадратна, а граден е врз основата на римската колонија Агрипиненсис. Значи, и новите освојувачи на просторот ги почитувале урбанистички оформените простори на претходниците.

Храмот прикажан на фотографијата од Прага, се вика Храм на Света Марија пред Тин или кратко тински храм и е со богата историја. На неговото место постоела романска црква во 12 век. Потоа бил изграден раноготски храм, а во половината на 14 век почнала изградбата на новиот храм, доврешен дури на почетокот од 16 век во стилот на високата готика. Првобитно служел како место за проповеди на следбениците на Јан Хус и го носел симболот на Хуситската црква - путирот. По поразот на Хуситското движење, од 1623 година служи на католиците, а од путирот изработен бил денешниот симбол на кулата. Овој храм е значаен и по нешто друго, што би било поучно за нашиве преродбеници. Од фотографијата се гледа дека е изграден зад граѓанските домови и бидејќи на време не бил постигнат договор со сопствениците на домовите, тие не се согласиле да се срушат нивните домови. Денес во храмот се влегува низ пасажите од домовите. Тоа е голем показател дека и во апсолутистичките режими и со тогашната улога на црквата, се почитувала волјата на граѓаните и правото на сопственост.

Од овие изнесени неколку податоци за печатените разгледници кои треба да претставуваат несоборлив аргумент за оправданоста за изградба на контроверзниот храм на централниот плоштад во Скопје, се гледа дека наведените примери се со долга историја и културна

традиција, длабоко закотвена во чувствата на народите во градовите во кои се наоѓаат, опстојуваат со векови и никому не му успеало од подоцнежните властодржци да ги осквернави и овие простори да ги девастира со уфрлување на било какви сурогати од градби. Значи, сведоци сме на уште една беспримерна манипулација на нашите граѓани, овој пат со културни, национални и верски обележја кои ги создале други европски народи.

Статијата е прочитана 77 пати.

**Испрати коментар**




АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
TeleKabel

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk